Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на Војчо Димовски од Скопје УП2 09-187/24 од 4 април 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр.1140131688 за период 15.02.2024-13.03.2024 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.
2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр.1137915567-1 за период 01.12.2023-31.12.2023 година и бр. 1138810055-1 за период 01.01.2024-31.01.2024 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Војчо Димовски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-187/24 од 4 април 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1137915567 за период 01.12.2023-31.12.2023 на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ).

Жалителот потенцира дека долгот од 2009 година го има платено а и бара застарување на долгот.

ЕВН ХОМЕ потенцира дека доставените уплати од страна на корисникот се разгледани и истите се раскнижени за соодветните месеци кои биле во тужбата. Потребно е корисникот да достави уплата за 01/2010 година, бидејќи истата не е раскнижена и евидентирана во системот за наплата. Фактурата за 10/2009 година со износ од 1,845.00 денари е уредно раскнижена и евидентирана во системот за наплата.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 9 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-187/24 од 4 април 2024 година со прилог:

-Фактури за испорачана електрична енергија

-Листа на отворени задолжувања од 21 февруари 2024 година

-Листа на отворени задолжувања од 27 февруари 2024 година

2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 31 мај 2024 година со прилог:

-Информација за покрената тужба

и на седницата се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави одговор на тоа:

a) зошто се бара плаќање на фактура за јануари 2010 година а во Листата на отворени задолжувања истата не е наведена
b) Дали е покрената судска постапка за долгот

На 12 јули 2024 година беше доставен одговор во кој е наведено дека корисникот има долг за електрична енергија во износ од 3.894,50 денари за доплата по тужба број 398692 П2/017987/10 за фактури за 08/2009 и 09/2009 и долг за комунална такса за јавно осветлување во износ од 112,00 денари за доплата по фактура за 01/2010.

На 6 август 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, видно од доставените податоци е дека фактурите се платени односно истите не треба да бидат дел од долгот наведен во сега приговараната фактура.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–187/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**